РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA KONZERVATORE-SHKUP
Бр.-Nr. 04-156/1
11. 02. 2021 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 12 став 2 алинеја 7 од Статутот на Националната установа, Конзерваторски центар-Скопје, член 76-ж став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор, Записникот за работата на Комисијата за спроведување на постапката за вработување бр.04-56/3 од 29.01.2021 година, Годишниот план за вработување за 2020 година, ја донесувам следната

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Јавен оглас за вработување бр.02/2020**

1. Врз основа на објавениот Оглас за вработување бр.02/2020 и Записникот за работата на Комисијата за спроведување на постапката за вработување се избира кандидатот Аница Аргировска за работното место Наплатувач, со шифра КУЛ 04 01 Б01 002, во Отсекот за презентација на културното наследство.
2. По конечноста на Одлуката за избор, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи Договор за вработување.
3. Одлуката за избор да се достави до кандидатите и да се објави на веб страницата и на огласната табла на НУ Конзерваторски центар-Скопје.

**Образложение**

Врз основ на Годишниот план за вработување на установата за 2020 година, а по претходна добиено известување за обезбедени средства од органот надлежен за издавање на финансиска согласност за пополнување на работни места, како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас, НУ Конзерваторски центар – Скопје објави оглас за вработување на даватели на услуги и помошно-технички лица, на неопределено време.

На Јавниот оглас објавен во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коха" и на веб страната на установата на 21.12.2020 година, целосна и уредна документација имаа поднесно три кандидати за работното место Наплатувач.

Комисија за спроведување на постапката за вработување, изврши проверка на веродостојноста на доказите за исполнување на условите наведени во огласот, а потоа со пријавените кандидати кои ги исполнуваа потребните услови, спроведе интервју, за што е изработен Записник бр. бр.04-56/3 од 29.01.2021 година, кој содржи предлог ранг листа за кандидати, и истиот му го достави на директорот.

Врз основа на Записникот каде што е констатирано дека пријавениот кандидат, Аница Аргировска со освоени максимум бодови, со етничка припадност - Србинка, соодветствува со припадноста на етничките заедници утврдени во Балансерот од МИОА на Годишниот план за вработување за 2020 година, директорот го изврши изборот како во диспозитивот на оваа Одлука.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена, преку НУ Конзерваторски центар-Скопје, да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар-Скопје.

Доставено до:
- архива
- пријавени кандидати
- правна служба
-огласна табла
-веб страна на установата

**Д И Р Е К Т О Р,**

**Коле Чапкановски**

Изработил:
Даниела Конева
Секретар-правник